# Записник
## од Петата седница на Генералното собрание на GS1 Македонија
одржана на 21.12.2012 година

Врз основа на член 10 од Статутот на Здружението на граѓани Асоцијација за GS1 стандарди GS1 Македонија, претседателот на Собранието на GS1 Македонија, г-дин Симон Наумоски, свика Пета седница на Генералното собрание на GS1 Македонија на 21.12.2012 година, со следниот

**Д н е в е н р е д**

1. Предлог-записник од Четвртата седница на Генералното Собрание на GS1 Македонија одржана на 15.05.2012 год;
2. Избор на претседател и заменик-претседател на Собранието на GS1 Македонија;
3. Избор на членови на Управниот одбор на GS1 Македонија;
4. Р а з н о

Седницата ја отвори и ја водеше г-дин Симон Наумоски, претседател на Собранието на GS1 Македонија. Со работа започна во 12:00 часот.

На седницата присуствуваа 30 претставници на членките на GS1 Македонија. Согласно протоколот за присуство на седница на Генерално Собрание, сите присутни имаа претходно доставено до Генералниот извршен директор на GS1 Македонија писмена пријава за учество и предадено Полномошно за номинирано лице од фирмата за легитимно учество во работата и носењето на одлуки на Генералното Собрание.

Претседателот Наумоски констатира дека Генералното Собрание може полноправно да продолжи со работа со оглед дека постои поголем број од одредениот кворум од 21 член од вкупниот број членови на Собранието (согласно член 11 од Статутот на GS1 Македонија).

Г-дин Наумоски предложи записничар да биде г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ, а двајца оверувачи на Записникот да бидат: г-дин Божо Вучиниќ од ОРБИКО ДОО - Скопје и г-дин Игор Илковски од ИНФО-КОД -Скопје. Предлозите едногласно се усвоија.

Предлог- Дневниот ред едногласно се усвои и се премина кон работа.

**АД/1** Записникот од Четвртата седница на Генералното Собрание на GS1 Македонија одржана на 15.05.2012 год. едногласно се усвои без забелешки.

**АД/2 АД/3** По двете точки од дневниот ред образложение даде Претседателот на Собранието г-дин Симон Наумоски. Тој ги информираше присутните за текот и транспарентноста на процедурата за избор на претседател и заменик претседател на Собранието и избор на членови на Управниот одбор. Врз основа на член 10 став 2, а во согласност со член 21 од Статутот на GS1 Македонија сите членки беа јавно информирани дека на

21.12.2012 година истекува првиот тригодишен мандат на претседателот и заменик претседателот на Собранието, со право на повторен избор. Истовремено, врз основа на член 13 став 2 и став 6 од Статутот на GS1 Македонија, сите членки беа јавно повикани да номинираат свој кандидат за член на Управниот одбор за следниот тригодишен период, по стриктно пропишана процедура, усогласена со Статутот на Меѓународната GS1 организација.

За одзивот и списокот на доставените номинации известување даде извршниот директор, до кого беа доставени номинациите. Листата на номинираните кандидати беше доставена до сите членови на Собранието заедно со Поканата за дневниот ред за седницата на Собранието

Листата на предложените кандидати за членови на Управниот одбор беше ставена на гласање. Присутните членови на Собранието едногласно ја усвоија. Според гласањето, произлезе дека истиот состав на Управниот одбор е изгласан и дадена му е доверба за уште еден три годишен мандат.

Согласно член 10, став 3 и 4 од Статутот, Претседателот на Собранието е и претседател на Управниот одбор, а заменик претседателот на Собранието е и заменик претседател на Управниот одбор, па затоа членовите на Собранието едногласно ја донесоа Одлуката за избор на преседател: г-дин Симон Наумоски, а за заменик претседател: г-дин Љупчо Зиков, како и Одлуката за членови на Управниот одбор:

1. **Г-дин Симон НАУМОСКИ,** Претседател на Управниот одбор на "Витаминка" ПИ АД – Прилеп, за **претседател на Собранието и на Управниот одбор на GS1 Македонија;**

2. **Г-дин Љупчо ЗИКОВ,** Управител на „Капитал Медиа Гроуп” ДОО- Скопје, за **заменик претседател на Собранието и на Управниот одбор на GS1 Македонија;**

3. **Г-дин Михаил Гаревски,** Директор на УКИМ ИЗИИС - Скопје , за **член на Управниот одбор на GS1 Македонија;**

4. **Г-дин Никола ДИМОВСКИ,** Заменик директор за Информатика и телекомуникации во „Алакалоид” АД- Скопје, за **член на Управниот одбор на GS1 Македонија;**

5. **Г-ѓа Соња ТАСЕВСКА,** Управител на "Мако Маркет" ДОО- Скопје, за **член на Управниот одбор на GS1 Македонија;**

6. **Г-дин Жарко ТРПКОСКИ,** Директор на информатика во „Тетекс” АД- Тетово, за **член на Управниот одбор на GS1 Македонија;**

7. **Г-дин Благој ХРИСТОВ,** Виши менаџер за регулатива во „Македонски Телеком” АД- Скопје, за **член на Управниот одбор на GS1 Македонија.**

**АД/4** Под точката разно Слаѓана Милутиновиќ, извршен директор, присутните ги запозна со најсуштинските активности на GS1 Македонија во текот на 2012 година. Низ видео презентација извршниот директор ги потенцираше

следните активности: непосредни контакти со членките се зголемени и нивно интензивно информирање за бенефитите од користењето на GS1 стандардите, со воедно пружање на дополнителни инструкции и стручни совети за правилна примена на баркодовите. Продолжено е со имплементација на проектите: Цертифицирана Акредитација, GEPIR, меѓународна и национална афирмација, презентација и промоција на GS1 Македонија и со публицистичката и едукативната дејност. Зголемено е користењето на web сајтот на GS1 Македонија од страна на членките и потенцијалните членки. За поттикнување на развојот и оптиматизацијата на употребата на GS1 глобалните стандарди во деловното работење во производните и непроизводните сектори, организирани се низа едукативни семинари со огромна посетеност. Следните сегменти од работењето во 2012 година, извршниот директор особено ги потенцираше:

1. Промоција и имплементација на GS1 DataBar во месна и млечна индустрија и во маркети кај производи со променлива тежина (овошје и зелнчук);
2. Регионални семинари во Битола, Скопје и Охрид во мај 2012;
3. Семинар за GDSN на 12.06.2012 со GS1 Хрватска и GS1 Словенија;
4. Потпишан Меморандум за соработка со 29 синџири на маркети и на 21.06.2012 извршена негова промоција;
5. Еднонеделна едукација на инспекторатот од АХВ за GS1 системот на стандарди во ноември 2012;
6. Работилници за EDI (јануари, март, мај, јуни) и промоција на два Пилот-проекти на 23.11.2012: Тинекс-МТ ДООЕЛ со Пекабеско АД и Виталиа ДОО со Sligro;
7. Прва Меѓународна конференција за здравство и промоција на првиот Пилот проект во болницата "Филип Втори", на 12.12.2012;
8. Изготвена нова веб страна со нови содржини (плус 3 микросајта);
9. Изготвена и нова база за членките;
10. Зголемена видливост преку социјалните мрежи;
11. Остварени позитивни финансиски резултати во 2012 година.

Со анимирана видео честитка извршниот директор на присутните им ја честиташе Новата 2013 Година.

Седницата заврши со работа во 13:15 часот.

Записничар,

Слаѓана Милутиновиќ ____________________________

Оверувачи на Записникот:

1. Божо Вучиниќ ____________________________
2. Игор Илковски ____________________________

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Симон НАУМОСКИ

Бр. 936/2
21.12.2012
Скопје